Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.11/23
09.11.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот А.З, Основниот суд Гевгелија на ден 09.11.2023 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот А.З по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот А.З, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ги доставува податоците согласно Вашето барање и тоа:

- Граѓанска писарница:Вкупно пријавени 147 случаи на семејно насилство
- Граѓанска писарница: процесуирани 130
- во кривично поднеси 55 пријави, нема прекршочни пријави
- Граѓанска писарница: изречени се 110 привремени мерки, лекување во Неуропсихијатриска болница, забрани за малтретирања, вознемирувања, телефонирање и било какви контакти други, како и приближување до домот на жртвата. Во еден случај привремено одземено оружје на 6 месеци. Во 21 случај изречени се итни мерки отстранување од домот во траење од 30 дена.
- Граѓанска писарница: поднесители ЈУМЦСР Гевгелија и Валандово, МВР НК за Кр Гевгелија и Валандово
- Граѓанска писарница: привремени мерки и итни мерки лекување во Неуропсихијатриска болница, забрани за малтретирања, вознемирувања, телефонирања и било какви контакти други, како и приближување до домот на жртвата. Во еден случај привремено одземено оружје на 6 месеци. Во 21 случај изречени се итни мерки отстранување од домот во траење од 30 дена.
- Кривична писарница: 10 затворски, 44 условни и 1 одбиено
- Кривична писарница: пол 78 машки лица и 22 женски лица, во просек старосна граница 39,6 години, според образование најголем број се со основно бразование, според работниот однос најмногу невработени лица, според брачниот статус сопруг и сопруга, националноста македонци и 1 србин.
- Граѓанска писарница: машки 121 лице, женски 10 лица. Најстар 83 години ( еден случај), најмлад 23 години, најмногу на возраст од 30-50 години. Најчести жртви се сопруги, невенчани сопруги и родители. Најчесто образование е со основно и средно образование, во два случаи со високо образование.

- Кривична писарница:сите се со семејно насилство
-Граѓанска писарница:кај сите 130 случаеви е утврдено физичко и психичко насилство.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 09.11.2023 година, под СПИ.бр.11/23 од 09.11.2023 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Раководител на оддел - Павле Тунев